**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шеснаесеттото продолжение на Сто и четвртата**
**седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 18 јули 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со работа по точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за утврдување и наплата на јавните приходи, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на закон на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, за гласале 67 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 66 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон. Молам кој бара збор.

Има збор г. Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, претставници на Владата,

Овој закон е во парламентарна процедура одамна, некаде од февруари месец оваа година.

Истиот е доставен во една форма што е доста едноставна и во основа е прифатлива и за мене лично и за парламентарната група на СДСМ, бидејќи самиот предлагач вели дека измените што се предлагаат во Законот за утврдување и наплата на јавните приходи се со цел да се изврши усогласување со Законот за стечај, според кој секој доверител ги поднесува сите трошоци во стечајната постапка, како и дека секој предлагач е должен да го авансира износот за покривање на трошоци.

Во основа, овие решенија и овој закон се прифатливи. Во прилог на тоа е и во ваква форма и ваква содржина овој закон гледан од Законодавно - правната комисија која во својот извештај го поддржа овој закон. Но, во меѓувреме врз основа на доставениот закон од еден член имаме добивање амандмани од Владата и тоа на 22.03.2002 година 6 амандмани, на 23 мај имаме добиено амандмани од колегата Жарко Јанковски што во основа додаваат само во еден амандман околу 10 нови членови. Тие, во основа го менуваат делот на начелата и принципите на кои се заснива овој закон.

Сигурно сметајќи дека Владата овие амандмани во принцип ги менуваат основите и начелата и врз основа на целите што се сака да се постигнат со овој закон, врз основа на целите што се сакаат да се постигнат со овој закон, амандманите на колегата Жарко Јанкоски, сигурно свесни дека ќе бидат оспорувани од одредени луѓе кои се разбираат во оваа проблематика и од претставници на работни тела, истите ги покрива со амандмани од 29 мај, со истите амандмани. Тие се составен дел на законот и законот наместо од еден е член имаме закон од 15 членови. Господине претседателе, бидејќи во овој Парламент има голем дел на пратеници бизнисмени, би ги замолил да ме сослушаат за што се однесува делот на измените. Се однесува на многу битни и важни одредби, уставни определби, бидејќи во Уставот на Република Македонија е зацртано дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирување на јавните приходи, на начин утврден со закон, што е точно. Но, никој во ниту една држава во светот, плаќањето на даноците е најбитна и најважна работа, дури се смета дека во одредени држави кривичните дела санкционирани во законите се со многу повисоки казни од одредени други дела санкционирани во криминалот и слично.

Владата на Република Македонија со овие амандмани вели, додава нов

член 36-а односно по новиот член 5 се додаваат 6 нови члена кои гласат, а првиот член е членот 36-а кој гласи:

"Директорот на Управата за јавни приходи ќе го одложи извршувањето на решението за даночен долг, односно плаќање на даночна обврска ако даночниот обврзник приложи одредени гаранции, уплати, депозити".

Господине претседателе, сметам дека ваквото дискреционо право во даночната сфера во наплатата на даноците можат да се сватат различно во ова предизборие. Во основа не би сакал да го коментирам тоа. Дека на истекот на мандатот на оваа Влада и на Парламентот, за одредени даночни должници директорот на Управата за јавни приходи ќе им го одложи плаќањето. Тоа е најмалиот дел.

Во правниот промет, во правното комуницирање не смее никој да има дискреционо право некому да одложи плаќање на данок, некому да не одложи. Во таа смисла продолжуваат со дискрециони права и другите членови на овој закон.

"Плаќањето на даночна обврска може да се одложи за определен рок во еднократен износ или на рати".

Пак дискреционо право за плаќање на данок по видување на директорот на Управата за јавни приходи.

"Плаќање на даночните обврски за тековната година во еднократен износ или на рати", може да го одложи директорот на Управата за јавни приходи.

Членот 36-в, дискреционо право што му дава на директорот на Управата за јавни приходи какви инструменти за обезбедување на одлагањето на даночните обврски ќе бараат?

Особено е многу битен и важен членот 36-д кој вели - директорот на Управата за јавни приходи ќе го одложи плаќањето на даночниот долг односно на даночната обврска имајќи ги предвид редовноста на даночниот обврзник при намирување на даноците, обврските, видот и обемот на штетата на даночниот обврзник, што би настанала од извршување на првостепеното решение, односно на нарушување на процесот на негово деловно работење. Сега, каква правна или практична состојба би имале? Би добиле извршно решение и на крај што во основа за наплата на данок, на директорот овој закон му дава право на директорот да има дискреционо право да не го спроведува тоа решение, односно врз основа на неговата волја, без разлика политичка. Се работи за битните, виталните интереси на државата, господине претседателе. Не може ниту еден систем, г. претседателе, да има дискрециони права во наплата на долговите. Долговите или се наплатуваат или се отпишуваат, согласно извршната постапка и согласно извршувањето. Понатаму во овој дел продолжува ваквиот начин на регулирање на наплатата на даноците. Дури регулираат една област што е регулирана со сите позитивни прописи. А тоа е: "Против решението со кое е одбиено барањето за одложување на плаќањето на даночниот долг односно даночната обврска не е допуштена жалба, освен против решението донесено по барање од член 35 став 1. Што значи директорот на Управата за јавни приходи на НН може да му одложи а ист или сличен таков случај поднесува барање, го споредува тоа барање врз основа на својата состојба против одлуката на директорот на Управата за јавни приходи немаме никаков основ, дури ни на жалба. Бидејќи нема логика ни на давање на правото ни на право на жалба. Кој би бил органот кој би решавал по дискреционо право на одреден инокосен орган, директорот на Управата за јавни приходи.

Сметам дека овие измени, што во основа се доставени во вид на амандмани преку колегата Жарко Јанкоски, понатаму се составен дел на овој закон, не дозволуваат овој закон да биде изгласан од Парламентот во една ваква постапка бидејќи ќе доведе до нерамноправност на пазарот, нерамноправност на субјектите и нерамноправност на граѓаните и спротивно на Уставот. Без разлика, јас ја сваќам потреба на Управата за јавни приходи во извесна смисла да помогне на одреден дел стопанственици, одреден дел јавни фирми или фирми со мешовит капитал, во надминување на нивните состојби со одлагање. Но, не е можно на ваков начин. Мора да има одредени критериуми, одредени правила што се регулираат со закон. Уставот точно зборува наплатата на даноците се регулира со закон, но не на ваков начин.

Сметам дека огромен дел на правни субјекти ќе се доведат во нерамноправна положба и Ќе се предизвика различно толкување, различно гледање на правниот систем особено од еден многу важен и битен аспект. Тоа е аспектот на странски инвестиции. Ниту еден странски инвеститор не влегува во земја каде даночната политика може да се регулира на ваков начин.

Еден од најголемите проблеми во Република Македонија е неконстантноста на даночните закони што ги менуваме и доградуваме. Точно дека сме во транзиција. Една година соопштуваме дека ДДВ е 30%, 15%, па ги ослободуваме странските инвеститори, но тие ја немаат таа доверба.

Ваквиот начин одредени фирми да бидат ослободувани а некои не довадува до нерамноправност.

Затоа сметам со овие дополнувања што се составан дел, понатаму уште продолжуваат одрадени амандмани, мислам дека се од Алаксандар Трпевски, тоа се уште 4-5 што понатаму го доградуваат овој систем. Доколку може да ги сослушаме претставниците на Министерството за финансии која била целта, бидејќи тие не даваат образложение во основниот текст на законот, тие даваат дека се согласуваат со Законот за стачај и само еден член. Со овие во основа се изменати началата на кои се заснива законот. Доколку би можале да отвориме расправа, да ги сослушаме, би интервенирале сигурно во овој дел со амандмани. Имаше време, точно *е,* можете да укажете на тоа, но јас би сакал овие забелешки да ги изнесам бидејќи правните субјекти ќе ги доведат во нерамноправна положба во правниот промет.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Петар Дуњанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Измената на Законот за утврдувања и наплата на јавнита приходи со предложените амандмани се предлага заради тоа што законот *е* доставен во собраниска процедура во февруари, а од тогаш наваму се наматна потребата од други изменувања и дополнувања, а особено е битно укинувањето на Правилникот за плаќања на даночните обврзници на рати од страна на Уставниот суд, со образложение дака тоа е законска материја и затоа предлагаме ова да влезе во закон.

Понатаму, сите субјекти се ставени во рамноправна положба. Сите обврзници имаат ист даночен третман. Нема за едни еден третман, а за други друг третман. Сите даночни обврзници имаат ист третман во регулирањето на оваа материја.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, го слушнавме образложениета од заменикот министер. Точно дека Уставниот суд укинал, од причини на што укажував. Точно дека наплатата на даноците се регулира со закон врз основа на рамноправен пристап. "Сите правни лица во Република Македонија ќе биле во иста уставна и правна положба". Се регулира и се дава правото на директорот на Управата за јавни приходи кого сака да го ослободи кого сака да не го ослободи.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**:(Продолжение)

Доколку може со закон да се регулираат условите од кои биле ослободени и тогаш ќе биде многу тешко. Многу е тешко, бидејки формулациите во овој закон доколку му се овозможи да надмине одредена тешкотија во работењето, меѓутоа , можеби во моментот на жиро сметка е во црвено салдо , долгува и бара прилив за 5 дена огромни наплаќања. Во никој случај во правнито промет тој нема да ги види тие услови. Дискреционото право е опасно право и сметам дека доколу и понатаму Владата останува на овој дел инаку, би требало ако што укажав да се помага на стопанството, но сите граѓани да се еднакви пред даночникот. Тоа е основно правило во економијата. Влегувањето на лични, субејктивни и партиски интереси, доведува до ерозија на даночниот систем. Бидејки ако некој рече ја ослободија таа и таа фирма, а јас да плаќам, кога не плаќа никој доаѓа до прикривање и непалќање на даноците. А, тоа секаде во светот во правото и во правната наука излегува со тоа што не се даваат вакви дискрециони права на индивидуалци, на носители на јавната власт. Тоа мора да е согласно Уставот и Законот. Дури опасноста судски да дојде со налог за извршување, со извршно судско решение да се достави досегашниот или идниот директор. Се доведува до правна несигурност и до нефнкционирање на стопанскиот и правниот систем. Ако останува Владата и понатаму на ова, јас сметам дека овие одредби ќе бидат укинати на Уставниот суд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот заменик министер за финансии Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Да не дојде до некое недоразбирање, Не се работи за ослободување од плаќање, односно дирекрторот на Управата за јавни приходи некој субјект да го ослободи. Туку му се дава можност за плаќање на рати, со обезбедување на инструмент за плаќање. Или готовински дел или во членот 36 е кажано ако даночниот обврзник не изврши уплата на даночен долг, односно на даночната обврска во рокот одобрен на одложено плаќање , односно не уплати две последователни рати на одложено плаќање на даночниот долг, односно

на даночната обврска Управата за јавни приходи долгот, односно обврската ја наплаќа од готовинскиот депозит односно над приложениот инструмент на обезбедување на плаќање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на претресот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на насловот на Предлгоот на законот за додавање нов член 1 по членот 1, за додавање нов член 2 и на член 1 за додавање нов член 4 по членот 2 и тие се составен дел на текстот на Предлгот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 5 за додавање нов член 6 за додавање нов член 7 по нов член 6 и за пренумерација на новите членови и тие се составен дел на текстот на законот.

Пратеникот Александар Трпевски поднесе амандмани за менвуање на член 1 за додавање нов член 1-а , по членот 1, за додавање нов член б по членот 1 и за додавање член 1-в по членот 1 и истите ги повлече.

Пратениците Жарко Јанковски и Илија Пемов поднесоа амандмани за додавање нов член 5 по членот 4, за додавање нов член 6 по членот 5 и за пренумерација на новиот член 5 кои се со иста содржина со амандманите на Владата и по нив нема да водиме претрес.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по тексто и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 80 пратеници, за гласаа 58 пратеници, воздржано гласаа 7 пратеници и против гласаа 15 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за утврдување на наплата на јавните приходи.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за банки за микрофинансирање, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 2 став 1 поднесен од г-динот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 81 пратеници, за гласаа 30 пратеници, воздржано гласаа 9 пратеници и против гласаа 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот на член 2, став 1 за додавање нова апинеја 5 по алинејата 4 поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 82 пратеници, за гласаа 25 пратеници, воздржано гласаа 15 пратеници и против гласаа 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 82 пратеници, за гласаа 27 пратеници, воздржано гласаа 14 пратеници и против гласаа 41 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Претресот по амандманот на член 4 став 3 точка 1 поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 82 пратеници, за гласаа 28 пратеници, воздржано гласаа 14 пратенициипротивгласаа 40 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 4 став 3, точка 2 поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 77 пратеници, за гласаа 24 пратеници, воздржано гласаа 10пратенициипротивгласаа 43 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 4 став 3 точка 4, поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 79 пратеници, за гласаа 27 пратеници, воздржано гласаа 9 пратеници и против гласаа 43 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 5, став 1 поднесен од пратеникто Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 82 пратеници, за гласаа 27 пратеници, воздржано гласаа 15 пратенициипротивгласаа 40 пратеници. Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 8 став 1, за менвуање уводната реченица, поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 80 пратеници, за гласаа 25 пратеници, воздржано гласаа 13пратенициипротивгласаа 42 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманто за бришење на член 9, поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 85 пратеници, за гласаа 29 пратеници, воздржано гласаа 18пратенициипротивгласаа 44 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 10 за додавање нов став 6 по ставот 5 поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 80 пратеници, за гласаа 26 пратеници, воздржано гласаа 10 пратенициипротивгласаа 44 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот за бришење на член Иподнесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен.

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе во текто на претходната расправа по Законот, за жал, баше прад поваќа од 20 и повеќе денови. Јас го известив пратсаавачот, мислам дака не бевте вие, дека се работи за техничка грешка на амандманот 11. Членот 11 се брише, пишува, меѓутоа, всушност амандманот на членот 12 се бриша. Самото образложение упатува на тоа дака се работи за член 12 и замолив да се земе предвид и расправата тогаш се пракина колку што знам и само овој амандманне беше дебатиран.

Ако ми дозволита, да ми дадете само две три минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го повлекувате амандманот на член 11, а текстот се однесвуа и С9 нумерира на члан 12.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот на кој се брише член 11 на претходното образложение укажав ан техничка грешка дека амандманот гласи , членот 12 *се* брише.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не постои амандман за бришање на член 11. Значи овој 9 амандман за бришање на член 12. За тоа не е обавена расправа.

Отворам расправа по амандманот за бришење на члан 12 подн9сан од пратаникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнеса.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динто Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе знам дека до 16,00 часот мора да завршиме, меѓутоа ќе бидам краток. Членот 12 од овој закон, кој предлагам да се брише гласи дека членовите 4,5, 6 и 7 од овој закон престануваат да се применуваат во рок од 2 години по влегувањето на сила на овој закон. А Законот ќе стапи на сила со денот на објавување. Ако земеме дека тој ќе важи да речеме од 25 јули, тогаш 4 члена ќе престанат со примена на 25 јули 2004 година, а токму тие 4 членови се членовите во Глава 2 од Законот која гласи: "основање". На пример, членот 4 упатува дека банката се основа како акционерско друштво во кој можат да бидат

акционери. Во членот 5 кој се основачкиот влог капиталот потребен за основање на банка.

Во Законот има една многу нелогична одредба која укажува дека банки за микрофинасирање во Македонија можат да се основаат од сега , до 25 јули отприлика да речеме 2004 година и после престанув амoжноста таква банка друг да оснво ана пазарот на капитал во Македонија.

Што значи дека, оној кој ќе основа банка овие две години искористува законска можност и после му се одзема можноста на било кој друг да пристапи, а токму во образложението на законот упатува дека во Македонија има потреба од постоење на банки за микрофинансирање. Или поточно говорено, имајќи го предвид и членот на кој за жал амандманто претходно не помина дека за некој да основа банка повеќе од 50% од акциите на банката мора да се во сопственост на правно лице кој има капитал над 50 милиони марки, според проценките на Агенцијата за приватизација на Македонија. Јас не памтам некое јавно претпријатие да постигнало цена над 50 милиони марки во процесот на приватизација, што значи дека нема. Се разбира, јас во овие изминати 20-тина дена направив некои консултации со меѓународните финансиски институции во Македонија, вклучувајќи ги ММФ, Светската банка и ЕБОРД и конечно дојде до сознание дека Владата го работи ова во согласност со ЕБОРД која има намера да биде основач на банката, меѓутоа, извинете што ќе кажам дури и ЕБОРД инсистира на одредби кои се далекув аод пазарно однесвуање., односно ЕБОРД да биде основач на банка и после 2 години да не може никој повеќе да влезе во таа дејност и да остане со прилично монополизирана позиција.

Мислам дека тоа е не фер однос, доколку не се соопшти , а не видов и од претходнит еконсултации што ги направив во изминатите дваесетина дена дека има некоја друга потреба освен да се изолира можноста за влез во дејноста банка за микрофинансирање и после да се затвори тоа, што мислам дека дури го повредува и Уставот на РМ дека некој може да влезе во оснвоање на дејност само во рок од 2 години и после да се оневозможи таква дејност за било кој друг кој ги исполнува условите да влезе во дејност која е слободна за пристап согласно Уставот на РМ на секое правно и физичко лице, ако ги исполнува одредбите на законот од член 4 до член 7.

Од тие причини, еве сега го слушнавме и мислењето на Министерството за финансии и јас сепак, би замолил пратениците да го гласаат амандманот, затоа што мислам дека е логичен и мислам дека го доведува законот во рамки на Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласаа вкупно 81 пратеници, за гласаа 31 патеници, воздржано гласаа 16 пратеници, и против гласаа 34 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го закчучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, за гласале 60 ратеници, воздржани 22 пратеници и против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за банки микрофинансирање.

Минуваме на 12-та точка Предлог за донесување на закон

за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва со предлог на законот.

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за трговски друштва.

Ве молам да гласаме.

За гласале 68 пратеници, воздржано гласале 8, против гласале 2 пратеници.

Дали :Собранието го усвојува и; Предлогот на оваа сеница да се претреси и предлогот на законот.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 81 пратеник, за гласале 63 пратеници, воздржано гласале 13 и против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и пеедлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Васил Ефтимов поднесе амандмани за додавање нов член 2-а по членот 2 и за додавање нов член 2-б по членот 2, по кој Владата не се произенла.

Пратеникот Слободан Ќосев поднесе амандман за додавање нов член 2-а по членот 72, по кој Владата не се произнела.

Пратенкот Димитар Бузлевски поднесе амандман за менување на член 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Бузлевски поднесе амандман за додавање нов член 2-а по членот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Прангoвски поднесе амандман за додавање нов член 2-а по членот 2, по кој Владата не се произнела.„

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратеникот Васил Ефтимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЈБАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-б по членот 2 поднесен од пратеникот Васил Ефтимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2 -а по членот 2 поднесен од пратеникот Слободан Косев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се Прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Илија Иловски.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Би го замоил претставникот на Владата ако може да појасни не го прифаќа овој амандман, бидејќи по сите оценки амандманот е поднесен од техничка природа, не е премногу суштинска и се надевам, амандманот ако го имаше потпишано Ефтимов место Бузлевски, априори ќе беше прифатен.

Навистина еве на крајот на мандатот и последен ден за работа на Собранието не знаеме од кои причини, амандманите што ги поднесуваат пратениците од опозицијата навистина имаат многу поразличен третман од оние што ги поднесуваат пратениците од позиционите партии.

Кога веќе земав збор сакам да појаснам дека , овој амандман, на членот 2 да се додаде нов член 2-а кој гласи, да се изменат членовите 54б-б, 54б-в, 54б-г, 54б-д, 54б-ѓ, 54б-е, 54б-ж, 54б-з, зборот "Совет" се заменува со зборот асоцијација се со една единствена цел да се даде поголемо значење на асоцијацијата на ревизори и да се почитува нивната стручност. Мислам дека и претставникот на Владата го дели истото мислење и без проблеми би требало овој амандман да се прифати Но бидејќи претставникот на Владата го одби амандманот јас би ги замоли. колегите пратеници ако може да го поддржат овој амандам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тука е изместен редот. Прво расправаме за амандманот на член 3

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Вие рековте на член 2.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не,

**ИЛИЈА ИЛЈОВСКИ:**

Тогаш нека се изјасни претставникот на Владата",

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се изјасни.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

По член 2 се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По член 3 се изјасни:

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Се извинувам ако настана некоја забуна, бидејки беше по редослед на членот 2 измената. Меѓутоа и овој амандман Владата требаше да го прифати. И за истиот го истото мислеше , ако беше потпишан од пратеник од позицијата, сигурно ќе беше прифатен. Се работи за следното.

Предлагаме членот 3 да се измени и да гласи "членот 718-ѓ се менува и гласи "одредбите од членовите 546-б и 546-г од овој закон ќе се применуваат до 30 јуни 2002 година. Тоа го предлагаме од проста причина да можат да се интензивираат активностите околу донесувањето на актите и прописите за уредување на оваа материја, односно да може да се имплементира делот на законот што се однесува на истото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор , го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 30 пратеници воздржано гласале 15 и притив гласале 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2 , поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се поризнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавме образложениeто.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејки никој друг не бара збор , го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 34 пратеници, воздржано гласале 15 и притив гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2 поднесен од пратеникот Илија Пранговски.Го молам претставникот на Владата да се поризнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор , го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, за гласале 33 пратеници, воздржано гласале 26 и притив гласале 23 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Поодолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закоонт го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници и против гласале 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Со тоа завршуваме со работа по 104-та седница.

Процедурално за збор се јави г-динот Билал Љутвии.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Не е процедурално г-дине претседателе.

Бидејќи завршивме со оваа седница, јас предлагам, а за тоа впрочем имаме и согласност од координаторите на пратеничките групи да се вратиме на 111 седница и да продолжиле со 35-та точка - Предлог на закон за дополнуваше на законот за одбрана.

Се работи за еден член и верувам дека сите пратеници ќе бидат за овој предлог, откако малку поопширно ќе ја образложам итноста односно потребата за донесуваше на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таа точка не е најавена на оваа седница и за тоа ќе ни биде потребно да направиме пауза за да можеме да се подготвиме.

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседатели ,само да се изгласа законот за високо образование , бидејќи е завршена расправата, а немаше ни амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ист е случајот. Ако има време нека се подготват служвите па ќе видиме, ќе направиме пауза и после?.

Има збор г-динот Александар Талевкси.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што вие претседателе најавивте дека ќе работиме по точки по кои се поминати сите работи на Собранието и се дојдени само во фаза на гласање, б:и ве замолил да поминеме на 109-та седница точка 25. Се е завршено, остана само чинот на гласањето, а имам и претставник на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ја прекинуваме работата по 104-та седница.

( Седницата прекина со работа во 15-10 часот)